# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА УЧЕБНИК СО НАСЛОВ „МЕЃУНАРОДНО ФИНАНСИСКО ИЗВЕСТУВАЊЕ“ ОД ПРОФ. Д-Р ОЛИВЕРА ЃОРГИЕВА-ТРАЈКОВСКА, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип и Одлуката бр. 1202-100/5 од 18.5.2018 г., донесена на 158. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 17.5.2018 г., избрана е Рецензентска комисија во состав:

– проф. д-р Трајко Мицески, редовен професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип,
– проф. д-р Јанка Димитрова – вонреден професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис (учебник) со наслов *„Меѓународно финансиско известување“* од проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска, наменет за студентите на прв и втор циклус студии на Економски факултет, како и останати единици на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот.** Учебникот „Меѓународно финансиско известување” од проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска претставува заокружена целина на материјата поврзана со меѓународните сметководствени стандарди и меѓународните стандарди за финансиско известување, како основа за хармонизација на финансиското известување во глобални рамки. Учебникот е наменет за изучување на предметот Меѓународно финансиско известување од страна на студентите во четврта студиска година (осми семестар), прв циклус студии, на насоката Сметководство и ревизија, каде што предметот се изучува како задолжителен, со неделен фонд на часови 2+2+2 и 6 кредити; како и на предметот Меѓународни стандарди за финансиско известување и ревизија, за студентите на втор циклус студии, на насоката Финансиско известување и ревизија, како задолжителен предмет, во прв семестар, со 6 кредити.

**Податоци за обем на ракописот.** Учебникот содржи 335 страници, кои содржат теоретска разработка на меѓународните стандарди за финансиско известување (издадени од страна на Одборот за меѓународни сметководствени стандарди), како и илустрации (практични примери) кои им овозможуваат на студентите многу полесно разбирање и совладување на оваа комплексна и динамична проблематика. На крајот од учебникот се сместени релевантните библиографски единици кои ја третираат проблематиката на хармонизацијата на финансиското известување, преку издадените и глобално прифатени меѓународни сметководствени стандарди. Трудот е пишуван во А4 формат, со единичен проред, со употреба на фонт Times New Roman и големина на буквите 11. Сметаме дека обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**. Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало кое од теоретски и практичен аспект ќе им овозможи на студентите стекнување на познавања за целите, делокругот и терминологијата на досега издадените Меѓународни сметководствени стандарди и Меѓународни стандарди за финансиско известување, како и нивните барања за обелоденување на конкретни информации од страна на деловните ентитети кои ги применуваат истите при подготовка и презентација на финансиските извештаи.

Сметководствените стандарди се ефективно „упатство за користење” за тоа како да се преведат финансиска состојба и перформанси на ентитетот во збир на кохерентни и кратки финансиски извештаи. Крајниот резултат е дизајниран да претставува сет на финансиски извештаи, кој понатаму претставува основа за донесување на информирани економски одлуки од страна на различните стејкхолдери.

Додека националните варијации во сметководствените практики траеја многу години, од неодамна постои тенденција на усогласување на практиката и регулативата на финансиското известување на глобално ниво, како основа за намалување на ваквите недоследности. Накратко, станува сѐ помалку прифатливо различното известување за исти трансакции, според тоа каде се случуваат.

Од причина што досега не постои ваков сличен материјал во кој меѓународните сметководствени стандарди се обработени и практично, преку илустрации за тоа како одредбите од конкретните стандарди да се применуваат во практиката, сметаме дека овој учебник се одликува со голема теоретска и практична значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика, т.е. сите деловни ентитети во Република Македонија, кои ги подготвуваат финансиските извештаи со почитување на Меѓународните стандарди за финансиско известување.

**Краток опис на содржината на ракописот.** Содржински, трудот е конципиран во 36 кратки поглавја, кои ги покриваат посебните стандарди, нивните цели, делокруг, дефиниции и терминологија, како и барања за обелоденувања. Во продолжение следи кратка презентација на одделните тематски поглавја.

*Поглавје 1* се однесува на хармонизацијата на меѓународното финансиско известување и ја обработува позадината на развојот и примената на меѓународното усогласување (хармонизација), преку стандардите за финансиско известување. Целта е да се разберат природата, концептите и целите на процесот на меѓународната хармонизација на финансиското известување и постигнатиот напредок до денес.

*Поглавје 2* ја обработува рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи, нејзината цел, опсег, квалитативни карактеристики и елементи. Овој дел посебно го обработува процесот на донесување на Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување од страна на Одборот за МСС.

*Поглавје 3* се однесува на презентацијата на финансиските извештаи и ги обработува целите на финансиските извештаи, структурата на комплетниот сет на финансиски извештаи, подготвување и содржина на секој од финансиските извештаи. Во ова поглавје е обработен МСС 1 Презентирање на финансиски извештаи.

*Поглавје 4* ги обработува сметководствените политики, преку детална анализа на целите, дефинициите, принципите и барањата на МСС 8 Сметководствени политики, промена на сметководствени проценки и грешки.

*Поглавје 5* се однесува на приходите. Го обработува МСС 18 Приходи, подетално: признавање, мерење и обелоденување на приходите; видовите на приходи; дефиниции и важна терминологија поврзана со приходите.

*Поглавје 6* го обработува МСС 2 Залихи, преку целите и опфатот на МСС 2, терминологијата, дефинициите и принципите кои се однесуваат на мерењето на залихите.

*Поглавје 7* се однесува на недвижностите, постројките и опремата, како материјални средства коишто: се чуваат за користење во производството или обезбедување на производи или услуги, за изнајмување на други или за административни цели; и за кои се очекува да бидат користени во текот на повеќе пресметковни периоди. МСС 16 Недвижности, постројки и опрема ги обработува овие средства, клучните принципи за нивно признавање, мерење и амортизација.

*Поглавје 8* Трошоци за позајмување се однесува на третманот на трошоците за финансирање на изградбата, производството или стекнувањето на средства кои се квалификуваат, опфатени во МСС 23.

*Поглавје 9* го обработува сметководствениот третман на државните поддршки и помош, а особено прашањето за тоа кога приходите од таквата помош треба да се признаат. Во овој дел, исто така, се разгледува разликата помеѓу грантовите поврзани со средствата и со приходите. За оваа цел детално е разработен МСС 20 Сметководство за државни поддршки и обелоденување на државна помош.

*Поглавје 10* е посветено на нетековните средства чувани за продажба. За оваа цел МСФИ 5 Нетековни средства кои се чуваат за продажба и прекинато работење третира две поврзани теми: сметководство за средствата класифицирани за продажба и прекинати операции (работење), кои се опфатени како дел од известувањето за оперативните сегменти. Ова поглавје ги објаснува процесите кои треба да се следат кога одредени ставки на недвижности, постројки или опрема или група на средства и обврски се издвојуваат за продажба.

*Поглавје 11* го обработува МСС 40 Вложувања во недвижности. Клучното прашање е идентификација на средствата на ентитетот кои треба да се третираат како вложувања во недвижности. Останатите важни прашања вклучуваат признавање и мерење на вложувањата во недвижности во различни фази: првично признавање, додека се чуваат за целите на изнајмување или за зголемување на вредноста и при отуѓување.

*Поглавје 12* ги третира нематеријалните средства, нивното дефинирање и принципи на идентификување, мерење и отуѓување, детално разработени во МСС 38 Нематеријални средства.

*Поглавје 13* го обработува обезвреднувањето на средствата, кое претставува загуба во вредноста на средствата, односно состојба во која нивната сметководствена вредност признаена во извештајот за финансиска состојба е поголема од нивниот надоместлив износ. МСС 36 ги обработува клучните принципи поврзани со идентификување и мерење на обезвреднувањето и околностите и степенот до кој обезвреднувањата може да се анулираат последователно.

*Поглавје 14* е посветено на МСС 37 Резервирања, неизвесни обврски и неизвесни средства. Ова поглавје ги обработува целите и офатот на МСС 37, дефинициите и насоките кои се однесуваат на признавањето, мерењето, презентирањето и обелоденувањето на резервирањата, неизвесните обврски и неизвесните средства.

*Поглавје 15* го третира оданочувањето, како средство за зголемување на приходите на владата, но и како поттикнувач на инвестициите. Третманот на тековниот и одложен данок, клучните принципи поврзани со нивното признавање и мерење и барања за обелоденувања, се содржани во МСС 12 Даноци на добивка.

*Поглавје 16* ги обработува наемите (оперативни и финансиски), како и разликите помеѓу сметководствените барања за наемателот и наемодавателот. МСС 17 Наеми го утврдува третманот за известување за наемите во финансиските извештаи и обезбедува рамка за инвеститорите да разберат како ентитетот се справува со финансирањето што го обезбедува во форма на наем.

*Поглавје 17* се однесува на сметководството и објавувањето на информации во врска со различните форми на надоместоци за вработените и користи по пензионирањето. За оваа цел МСС 19 ги обработува разликите помеѓу краткорочните и долгорочните користи за вработените, видовите на користи и правилата за нивно признавање и мерење, разликите меѓу плановите за дефинирани придонеси и плановите за дефинирани користи, како и импликациите на трансакциите на плаќање врз основа на акции, како форма на користи за вработените.

*Поглавје 18* се однесува на третманот на настаните кои се случуваат помеѓу крајот на периодот на известување и датумот кога финансиските извештаи се одобруваат за издавање. МСС 10 Настани по периодот на известување, ги третира овие настани, нивната поделба на приспособливи и неприспособливи настани, како и главните барања за обелоденувања поврзани со нив.

*Поглавје 19* го обработува сметководството за трансакциите во странска валута, во согласност со МСС 21 Ефекти од промен во девизните курсеви. Главната цел на стандардот е да се одреди главната оперативна валута на секој поединечен ентитет и како ентитетот или групата треба да ги преведе своите финансиски извештаи кога ги презентира во друга валута.

*Поглавје 20* се однесува на дефинирање, признавање и мерење на финансиските инструменти и управување со ризикот поврзан со нив. Исто така, ги разгледува и барањата на МСФИ 7 за презентирање и обелоденување во врска со финансиските инструменти.

*Поглавје 21* ги обработува подготовката и презентирањето на извештајот за парични текови, како дел од финансиските извештаи на ентитетот. МСС 7 Извештај за парични текови ги обработува важните термини и дефиниции кои се однесуваат на презентирање на овој извештај (парите и паричните еквиваленти), ги идентификува главните видови на активности (оперативни, финансиски и инвестициски).

*Поглавје 22*ги обработува барањата за презентирање на информации за различните оперативни сегменти на ентитетот, во согласност со МСФИ 8. Исто така, се занимава со делот од МСФИ 5 за барањата за известување кога ентитетот има прекинато работење во текот на периодот на известување.

*Поглавје 23* се однесува на подготовка на привремените (меѓупериодски) извештаи, според МСС 34. Стандардот не бараа подготовка на меѓупериодски финансиски извештаи; тој само ги пропишува барањата за информациите што треба да се презентираат, доколку се подготвуваат вакви извештаи од страна на ентитетот.

*Поглавје 24* го обработува МСС 33 Заработувачка по акција. Целта на МСС 33 е да се утврдат принципите за пресметување и презентирање на заработувачката по акција (ЗПА) и да се подобри споредбата помеѓу различните субјекти во истиот период на известување и помеѓу различни известувачки периоди за истиот субјект.

*Поглавје 25* ги објаснува барањата за обелоденување на МСС 24 кои се однесуваат на трансакциите на ентитетот со поврзани страни. МСС 24 бара обелоденување на природата на односите со поврзаните страни и на какви било трансакции помеѓу страните.

*Поглавје 26* се занимава со сметководството и барањата за обелоденување содржани во МСС 11 Договори за изградба. Договорите за изградба се чести во одредени индустрии, како што се градежништвото, каде што ентитетите склучуваат договори за изградба на средства со значителни вредности, кои често бараат подолг временски период на извршување и по неколку години.

*Поглавје 27* го опфаќа сметководството и барањата за обелоденување на МСС 26 Сметководство иизвестување на плановите за користи при пензионирање. МСС 26 не го опфаќа сметководството за пензии во финансиските извештаи на работодавачот, кои се опфатени во МСС 19 Користи за вработените.

*Поглавје 28* се занимава со МСФИ 6 Истражување и евалуација на минералните ресурси, кој ги поставува барањата за известување кои се однесуваат на истражувањето и вреднувањето на минералните ресурси.

Целта на *поглавјето 29* е да се утврдат барањата на МСФИ 4 Договори за осигурување, кој ја претставува првата фаза од проектот на Одборот за МСС за сметководство за договорите за осигурување. Постојат голем број на комплексни прашања во врска со договорите за осигурување, кои произлегуваат од ризиците на кои се изложени осигурителните ентитети. МСФИ 4 обезбедува рамка на заеднички сет на принципи за известување со чија примена се овозможува обезбедување на релевантни информации за корисниците на финансиските извештаи на ентитетот.

*Поглавје 30* го обработува МСС 41 Земјоделство, кој го пропишува сметководствениот третман, вклучувајќи ги и барањата за презентирање и објавување, на земјоделската дејност. Земјоделската дејност се дефинира како управување со трансформацијата на биолошките средства за продажба, во земјоделски производи или во дополнителни биолошки средства.

*Поглавје 31* се однесува на консолидацијата во финансиското известување. За оваа цел е обработен МСС 27 Консолидирани и посебни финансиски извештаи. Овој стандард се занимава со тоа како треба да известува матичниот ентитет кој вложува во други ентитети (подружници) врз чии финансиски и оперативни политики поседува контрола, со цел да оствари користи од нивните активности.

*Поглавје 32* ги опфаќа сметководството и барањата за обелоденување за субјектите кои работат во хиперинфлаторни економии, во согласност со МСС 29 Финансиско известување во хиперинфлациски економии.

*Поглавје 33* го обработува МСФИ 3 Бизнис комбинации. Овој стандард се занимава со сметководствениот третманот од страна на ентитетот кој инвестира („стекнувач”), кој се стекнува со значително учество во друг ентитет („стекнат ентитет”). Трансакцијата која ги поврзува овие различни ентитети е позната како „деловна комбинација”.

*Поглавје 34* се однесува на МСС 28 Вложувања во придружени ентитети. Овој стандард го обработува финансиското известување од страна на ентитетот инвеститор кој има значајно влијание врз ентитетот во кој инвестира. Во такви околности ентитетот во кој се инвестира се нарекува „придружен ентитет".

*Поглавје 35* ги обработува заедничките вложувања. МСС 31 Заеднички вложувања се однесува на финансиското известување од страна на ентитетот инвеститор, кој поседува заедничка контрола врз друг ентитет. Во овој случај ентитетот кој инвестира е познаткако „вложувач", а ентитетот во кој вложува како „заедничко вложување" на инвеститорот.

*Поглавје 36* го опфаќа МСФИ 1 Првично усвојување на меѓународните стандарди за финансиско известување, чија цел е да се воспостават заеднички упатства и практики за субјектите кои ги подготвуваат своите финансиски извештаи за прв пат во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ).

Преку ваквиот начин на детална обработка на Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување сметаме дека е постигната главната цел на авторот – да им се помогне на студентите да ги разберат целите, делокругот, дефинициите и барањата за обелоденување на различнте сметководствени стандарди, и она што е посебно важно, преку илустративните примери содржани во материјалот да можат практично да ја осознаат примената на стандардите во решавање на конкретни проблеми со кои се соочуваат деловните ентитети.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следното:

**М И С Л Е Њ Е**

Учебникот „Меѓународно финансиско известување" од проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска претставува сеопфатна целина на материјата поврзана со Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување. Авторката постигнала успешна комбинација на теоретскиот и практичиот аспект на проблематиката, со цел предметната материја да се доближи до студентите и да им се помогне да научат како оваа комплексна сметководствена проблематика да ја применуваат во практичната работа. Се надеваме дека студентите ќе стекнат соодветни знаења кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа. На останатите заинтересирани субјекти, кои ги применуваат Меѓународните сметководствени стандарди во подготовката и презентирањето на финансиските ивештаи на деловните ентитети, овој материјал ќе им помогне за нивно полесно разбирање и примена.

Разбирањето и правилната примена на концептите, принципите и барањата на Меѓународните сметководствени стандарди имаат огромно значење за презентацијата на веродостојна и објективна слика за финансиската состојба и успешност на деловните ентитети, како и за потребите на сите заинтересирани стејкхолдери од квалитетни, веродостојни и разбирливи финансиски информации. Оттука, сметаме дека учебникот ќе даде значителен придонес во збогатување на материјата која ја обработува и ќе им помогне како на студентите, така и на пошироката стручна јавност во полесно совладување на оваа значајна проблематика. Од оваа причина, препорачуваме истиот да биде објавен.

Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип да му предложиме учебникот со наслов „Меѓународно финансиско известување" од проф. д-р Оливера Ѓоргиева-Трајковска да го одобри за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Трајко Мицески, с.р.**
**Проф. д-р Јанка Димитрова, с.р.**